*РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ СТАТИСТИКА ЗА БИЗИС И ЕКОНОМИЈА И ОСНОВИ НА ДИГИТАЛНАТА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 19.06.2008 година одреди рецензентска комисија за избор на наставник по предметите статистика за бизнис и економија и основи на дигиталната економија, а во врска со конкурсот објавен во весникот "Утрински весник" на 26.05.2008 година во состав 1. проф.д-р Коста Сотироски, 2. проф.д-р Жанета Попеска и 3. проф.д-р Нада Секуловска. Откако ги разгледа поднесените конкурсни материјали членовите на комисијата го поднесуваат следново мислење.

*ИЗВЕШТАЈ*

На објавениот конкурс за избор на наставник, се пријави кандидатката д-р Калина Треневска Благоева, вонреден професор, досегашен наставник на предметите статистичка анализа и основи на дигиталната економија на Економскиот факултет во Скопје.

### *I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Кандидатката д-р Калина Треневска- Благоева е родена на 31.1.1964 год. во Скопје, каде што ги завршила основното училиште и гимназијата "Јосип Броз Тито" со континуиран одличен успех. Во учебната 1982/83 год. се запишала на Економскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во февруари 1987 год. на насоката економска политика и развој, со просечна оценка 9.12.

На Економскиот факултет во Скопје се вработила на 1.1.1988 год. како помлад асистент по група предмети од областа на статистиката. Во учебната 1988/1989 год. се запишала на последипломски студии на *Економскиот факултет во Белград* на насоката *Статистичка анализа и кибернетика у економији* подсмер *Статистичка анализа,* како единствен студент во таа генерација. По положувањето на предвидените испити и изработката на семинарските работи, магистрирала во 1993 год. со одлично одбранета магистерска работа под наслов "Факторијални планови и линеарни модели" и се стекнала со звањето – магистер на статистички науки. Во 1994 год. е избрана во звањето асистент по група предмети од областа на статистиката, а во 1997 година е реизбрана во истото звање. Во текот на работата како асистент, таа била ангажирана во изведување на вежби, прегледување на писмени задачи и други активности со студентите на предметите основи на статистичката анализа и економска статистика.

Во 1996 год. ја пријавила докторската дисертација под наслов "Планирање на експерименти и избор на оптимален дизајн" на Економскиот факултет во Скопје и по успешната одбрана во ноември 1998 година и се стекнала со звањето –доктор на економски науки. Во 1999 год. е избрана во звањето доцент по предметот статистичка анализа на Економскиот факултет во Скопје, каде што работи и денес. За вонреден професор е избрана во април 2004 година.

Во текот на работењето имала неколку престои на универзитети во странство заради стручно и научно усовршување и тоа: JICA International Centre во Окинава-Јапонија (1990) на курс за користење на персонални сметачи, Државен универзитет во Охајо, Колеџ за бизнис, Толедо, САД (1991), Стефан Батори фондација летна школа, Олштин, Полска, (1992), учество на 51 Сесија на ISI во